# НЕВИДЛИВА БОРБА

*Најголемата борба се води во срцето*

**Св. Никодим Агиорит**



ikona

Наслов на оригиналот:
Невидимая брань
Преподобный Никодим Святогорец (Калливурцис)

Превод од руски: Сашо Кузмановски
Уредник: Наташа Данчевска
Лектор: Вера Тодоровиќ
Корица и подготовка за печат: Сашо Кузмановски
Печат: Студентски сервис, Скопје
Издавач: Икона, бул. Партизански одреди— бр. 9, Скопје
тираж: 500
www.ikona.mk

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охрид-
ски", Скопје

27-788-1/-9

АГИОРИТ, Никодим, Св.
Невидлива борба / Св. Никодим Агиорит ;
првод од руски Сашо Кузмановски. - Скопје : Икона, 2026. - 234 стр. ;
141x200 мм

Превод на делото: Невидимая брань / Преподобный Никодим
Святогорец (Калливурцис)

ISBN 978-608-286-002-2
COBISS.MK-ID 69283845

## СОДРЖИНА

**ДЕЛ 1.**


ПРЕДГОВОР Составен од старецот Никодим според ракописот што тој го користел. ........ 7

Во што се состои христијанското совршенство?
– За неговото стекнување е неопходна борба.
– Четири нешта се крајно потребни за успех во оваа борба. ........ 12

Никогаш и во ништо не треба да си веруваме на самите себе, ниту да се надеваме на самите себе ........ 17

За надежта во Единствениот Бог и увереноста во Него ........ 20

Како може да се познае дали некој дејствува без надеж во себе, а со целосна надеж во Бога ........ 23

За погрешноста на мислењето на оние што ја сметаат прекумерната тага за добродетел ........ 24

Некои сознанија што служат за определување на границата и опсегот на ненадевањето на себе и на целосната надеж во Бога ........ 24

За тоа како треба да го вежбаме својот ум, за да не боледува од незнаење ........ 26

Зошто неправилно судиме за работите и како да стекнеме правилно расудување за нив. ........ 27

За чувањето на умот од бесполезно многузнаење и празна љубопитност ........ 29

Како да се обучи волјата, така што во сите свои дела – внатрешни и надворешни – како крајна цел да го бара единствено благоугодувањето на Бога ........ 31

Некои потсетувања што можат да ја поттикнат нашата волја во желбата со секое дело да Му угодува на Бога ........ 36

За многуте желби и стремежи што се наоѓаат во човекот, и за нивната меѓусебна борба ........ 37

За тоа како треба да се војува против бессловесната, чувствена волја, и за делата низ кои треба да минува волјата за да стекне навика во добродетелите ........ 41

Како да постапиш кога повисоката, разумна волја ти изгледа како целосно да е победена од пониската волја и од непријателите ........ 46

За тоа дека борбата треба да се води непрестајно и храбро ........ 48

Како војникот Христов треба наутро да се подготвува за борба ........ 51

По кој ред треба да ги победуваме своите страсти ........ 54

Како да се победуваат ненадејно подигнатите движења на страстите 55
Како да се победуваат телесните страсти........................................57
Како да се победи немарноста?.......................................................63
За управувањето и правилната употреба на надворешните сетила.....68
За тоа дека истите чувствено восприемани предмети, за кои зборувавме, можат да бидат средства и орудија за добро управување со нашите чувства, ако преку нив преминуваме кон размислување за воплотувањето на Бог Словото и за тајните на Неговиот живот, страдања и смрт ..............................................................................75
Како од чувствените впечатоци да се преминува кон наравствено-поучни лекции ........................................................77
Општи поуки за употребата на чувствата .........................................80
За тоа како да се управува јазикот ..................................................85
Како да се управуваат вообразбата и паметењето ............................89
На Христовиот воин му прилега на секој начин да ги избегнува немирите и вознемиреноста на срцето, ако сака успешно да ги победува своите непријатели ......................................................98
Што да правиме кога сме ранети во духовната борба .....................100
Каков ред држи ѓаволот во духовната борба со сите и како ги прелажува луѓето според нивната духовна состојба.....................102
Како ѓаволот ги утврдува грешниците во ропството на гревот ........103
Како непријателот ги задржува во своите мрежи оние што ја осознале својата бедна состојба и сакаат да се ослободат од неа, но не пристапуваат кон дело. и зошто нашите добри намери често не се остваруваат ............................................................104
За замките на непријателот против оние што стапиле на добриот пат..........................................................................107
Како непријателот нè одвраќа од добрите дела и ги расипува..........110
Како непријателот и самите добродетели ги претвора во штета за оние што ги вршат .......................................................114
Неколку упатства, многу потребни за победување на страстите и стекнување добродетели ..........................................121
За поредокот во стекнувањето на добродетелите............................124
Какви расположенија се потребни за успех во стекнувањето на добродетелите воопшто и како да се води делото на навикнување во една од нив..........................................................125
Во добродетелите треба да се вежбаме непрестајно и со сета усрдност ..........................................................................128

Не треба да се бега од можностите што се појавуваат
за доброделание ........................................................129
Треба да се сакаат можностите за стекнување на добродетел,
особено тешките ........................................................131
Како во различни случаи може да се напредува во една и иста
добродетел ........................................................135
Колку време треба да се вежба во секоја добродетел и кои се
знаците на напредок во неа ........................................................136
За тоа дека не треба премногу силно да се посакува
ослободување од претрпените неволји, предавајќи се
целосно на волјата Божја ........................................................140
Предупредување за чување од злите совети на ѓаволот
при вршење добро ........................................................142
Ако строго ги судиме ближните, тоа е од високото
мислење за себе и од поттик на непријателот. како да се
надмине оваа склоност ........................................................144
За молитвата ........................................................147
Што е тоа умна, или внатрешна, молитва и какви
видови постојат ........................................................153
Како да се научиме да се молиме на овој начин ........................................................154
За сопствената молитва, составена од самиот оној што се моли ......158
За кратките молитви или за кратките молитвени
воздишки кон Бога ........................................................160
За исусовата молитва ........................................................162
Помагање на успехот во навикнувањето на молитвата ....................166
Улогата на молитвата во невидливата борба ....................................169

**Дел 2.**

За пресветата тајна Евхаристија ........................................................172
Како треба да се прима светата тајна Евхаристија,
или да се прима Христос Господ таинствено – во тајните ............173
Како со продлабочување во тајната Евхаристија да се
разгорува во себе љубовта кон Бога ........................................................176
За духовното причестување ........................................................183
За благодарењето на Бога ........................................................185
За преданоста во волјата Божја ........................................................187
За срдечната топлина и за ладењето и сувоста на срцето ................189
За чувањето и испитувањето на совеста ........................................................196

За подготвувањето за борба со непријателите во смртниот час........200
За четирите непријателски искушенија што биваат во смртниот час – прво искушение – против верата и за начинот на негово совладување...........................................................202
Второ искушение во смртниот час – очајание.................................203
Трето искушение во смртниот час – суета .....................................205
Четврто искушение во смртниот час – привиденија........................205
За духовниот мир на срцето..........................................................206
За начините за чување на внатрешниот мир ..................................208
Малку по малку се воспоставува мирот во срцето ..........................209
За мирот на срцето треба да се бега од почестите и да се љуби смирението и сиромаштвото ......................................................210
Неопходно е душата да пребивава собрана во себе, за Бог да ја осени со Својот мир..................................................................................212
За благоразумноста во делата на љубовта кон ближните, за мирот на душата ......................................................................214
Душо, отфрли ја својата волја и предавај се целосно на бога...........215
Не барај утехи и наслади, туку единствениот бог ...........................218
Не паѓај во малодушност кога внатрешниот мир се оддалечува или се прекинува ...................................................220
Многубројни замки на непријателот за разурнување на внатрешниот мир: чувај се ..........................................................221
Не треба да се вознемируваме поради оскудувањето на духовните чувства и другите внатрешни искушенија...................224
Сите искушенија ни се испраќаат за наше добро ............................225
Лек против душевното вознемирување поради некакви лесни грешки и слабости..........................................................228
Кога ќе се вознемири, душата веднаш треба да го обнови својот внатрешен мир..............................................................................230
Послеслов.......................................................................................232
Слова на светителите.....................................................................232

ДЕЛ 1.

# ПРЕДГОВОР

## **Составен од старецот Никодим според ракописот што тој го користел.**

Оваа навистина душеполезна книга со право го носи името што ѝ е дадено – Невидлива борба. Како што многу од светите и боговдахновени книги на Стариот и Новиот Завет го добиле своето име според самите предмети за кои поучуваат (Книгата Битие, на пример, е така наречена затоа што возвестува за создавањето и уредувањето на сѐ што постои од она што не постоело; Излез – затоа што го опишува излегувањето на синовите Израилеви од Египет; Левит – затоа што ги содржи уставите за свештенодејствијата на Левитовото племе; Книгите Царства – затоа што раскажуваат за животот и делата на царевите; Евангелијата – затоа што „благовестат... голема радост... зашто се роди... Спасител... Христос Господ“ (Лука 2, 10–11) и им го покажуваат на сите сигурниот пат кон спасението и наследството на вечноблажениот живот), така кој не би се согласил дека и оваа книга, според својата содржина и според предметите со кои се занимава, сосема со право е наречена „Невидлива борба“?

Зашто таа не поучува за некаква сетилна и видлива борба, ниту за непријатели очигледни и телесни, туку за мисловна и невидлива борба, каква што секој христијанин ја прима од оној час кога ќе се крсти и кога пред Бога ќе даде завет – да војува за Него, за слава на Неговото Божествено Име, дури и до смрт. Затоа и напишаното во Книгата Броеви: „Затоа и е речено во книгата за војните Господови“ (Броеви 21,14), буквално се однесува токму на оваа невидлива борба.

А непријателите во неа не се телесни и видливи, туку бестелесни и сокриени: тоа се различните страсти и похоти на телото, и злите и човекомразни демони, кои дење и ноќе не престануваат да војуваат против нас, како што вели блажениот апостол Павле: „...оти нашата борба не е против крвта и плотта, туку против началствата, против властите, против светските управители на темнината од овој век, против поднебесните духови на злобата“ (Ефес. 6,12).

Воини во оваа невидлива борба, поучува книгата, се сите христијани; нивен Војсководач е Господ наш Исус Христос, опкружен и придружуван од илјадници и стотици началници – односно од сите чинови на Ангелите и Светиите. Борбеното поле, местото каде што се одвива самата борба, е нашето сопствено срце и целиот внатрешен човек. Времето на борбата е целиот наш живот.

А кои се оружјата со кои оваа Невидлива борба ги вооружува своите воини? - Слушни. Шлем – совршено неверување во себе и целосно ненадевање во сопствените сили. Штит и оклоп – смела вера во Бога и цврста надеж во Него. Наградник – поучување и созерцување на страдањата на Господа. Појас – отсекување на телесните страсти. Обувки – смирение и постојано признавање и чувствување на сопствената немоќ. Манузи – трпение во искушенијата и изгонување на мрзливоста. Меч, што непрестајно го држат во едната рака – молитвата, и словесна и умна, односно срдечна. Копје со три острици, што го држат во другата рака – цврста решителност никогаш да не се согласат со страста што напаѓа, да ја отсечат од себе со гнев и да ја замразат од сето срце. Храна и средство за зајакнување во борбата – често причестување со Богоопштење, како таинствено, од Таинствената Жртва, така и мислено. Светла и безоблачна атмосфера, која им овозможува оддалеку да ги забележуваат непријателите – постојано вежбање на умот во распознавање на она што е право пред Господа, постојано вежбање на волјата во желба само за она што Му е благоугодно на Бога, мирот и спокојството на срцето.

Тука, токму тука, во оваа Невидлива борба – или подобро речено, во оваа „Борба Господова“ – Христовите воини се поучуваат да ги распознаваат разните прелести, многубројните замки, незамисливите лукавства и воени итрини што мисловните

противници ги употребуваат против нив: преку сетилата, преку фантазијата, преку губењето на стравот Божји, а особено преку четирите прилози што ги внесуваат во срцето во часот на смртта – неверие, очајание, суета и преобразување во ангели на светлината. Учејќи се да го распознаваат сето тоа, тие се добиваат мудрост и како да ги разрушуваат тие замки, како да им се спротивставуваат, и учат која тактика и кој закон на борбата треба да го применат во секој случај и со каква храброст да влезат во неа. Накратко речено, со оваа книга секој човек што го сака своето спасение се учи како да ги победува своите невидливи непријатели, за да ги стекне ризниците на вистинските и божествени добродетели и за тоа да добие нетлен венец и вечен залог, кој е соединувањето со Бога, и во овој век и во идниот.

Примете ја, затоа, христољубиви читатели, оваа книга со радост и благонаклоност и учејќи се од неа на уметноста на невидливата борба, настојувајте не само да војувате, туку да војувате законски, да војувате како што треба, за да бидете и овенчани. Зашто, според апостолот, може некој и да се подвизува, но да не добие венец, бидејќи не се борел според правилата (2 Тим. 2,5). Облечете се во оружјата што ви ги покажува оваа книга, за со нив смртно да ги поразите своите мисловни и невидливи непријатели – душепогубните страсти и нивните устроители и поттикнувачи, демоните. „Облечете се во сето оружје Божјо, за да се одржите против ѓаволското лукавство“ (Ефес. 6,11). Сетете се како при светото Крштение ветивте дека ќе пребивате во одрекување од сатаната и од сите негови дела, од сета негова служба и од сета негова гордост – односно од сластољубието, славољубието, среброљубието и другите страсти. Подвизувајте се, колку што можете, за да го одбиете, да го посрамите и да го победите во сѐ.

А какви награди и воздавања ве очекуваат за таквата победа? Многубројни и големи. Послушајте ги од устата на Самиот Господ, Кој во Светото Откровение ви ги ветува збор со збор: „На оној, што победува, ќе му дадам да јаде од дрвото на животот, коешто е среде Божјиот рај“ (Откр. 2,7). „Кој победува, втората смрт нема да му нанесе штета“ (Откр. 2,11). „На оној, што победува, ќе му дадам да јаде од сокриената мана“ (Откр. 2,17). „ И кој победува и ги пази делата Мои до крај, нему ќе му дадам власт

над незнабошците… Нему ќе му ја дадам ѕвездата Деница“ (Откр. 2,26.28). „Кој победува, ќе се облече во бела облека… и ќе го признаам името негово пред Мојот Отец и пред Неговите ангели.“ (Откр. 3,5). „Оној, кој победува, ќе го направам столб во храмот на Мојот Бог“ (Откр. 3,12). „На оној, што победува, ќе му позволам да седне со Мене на Мојот престол“ (Откр. 3,21). „Кој победува, ќе наследи сè, и ќе му бидам Бог, а тој ќе Ми биде син“ (Откр. 21,7).

Гледате ли какви достоинства? Гледате ли какви награди? Гледате ли каков осумделен и многубоен нетлен венец – или подобро речено, венци – се плетат за вас, браќа, ако го победите ѓаволот? За тоа, значи, грижете се сега; за тоа подвизувајте се и од сè воздржувајте се, „за да не го земе никој венецот твој“ (Откр. 3,11). Зашто навистина е голем срам што оние кои се подвизуваат на телесните и надворешни натпревари се воздржуваат од сè петпати повеќе, за да добијат тлен венец од диво маслиново гранче, или палма, или лавор, или мирта; а вие, кои треба да добиете таков нетлен венец, живеете во немар и безгрижност. Зар нема да ве разбуди од тој сон зборот на светиот апостол Павле:

„Не знаете ли, дека оние што се натпреваруваат на тркалиште, трчаат сите, но само еден добива награда? Па така трчајте и вие, за да добиете. Секој што се бори, од сè се воздржува: оние – за да добијат распадлив венец, а ние – траен.“(1 Кор. 9,24–25).

А ако исполнети со ревност, се удостоите со таква победа и со такви светли венци, не заборавајте тогаш, браќа мои, да Му се помолите на Господ за прошка на гревовите и за оној што ви беше помошник во стекнувањето на ова добро преку оваа книга. Но пред сè, не заборавајте да ги подигнете очите кон Небото и да Му воздадете благодарност и слава на првиот Извор и Совршител на вашата победа – на Бога и на вашиот врховен водач Исус Христос, велејќи ги секој од вас зборовите на Зоровавел:

„ Од Тебе победа, од Тебе мудрост, и Твоја е славата, и јас сум пак Твој слуга“ (2 Ездра 4,59), и со зборовите на пророкот Давид: „Твое е, Господи, и величието, и силата, и славата, и победата“ (1.Летоп.29,11), сега и во вековите на вековите. Амин.

Секое зло дрско навлегува во човечкиот род преку владеењето на страстите.

Како што Бог со сите можни средства нè води кон животот, така и сатаната ги употребува сите начини за да нè погуби.

Но кај ѓаволот нема ништо толку штетно, за што да не постои и средство со кое можеме да му се спротивставиме. Нема тајна мрежа за која да не сме известени.

Преподобен Ефрем Сирин

Во што се состои христијанското совршенство? – Во невидливата борба

Преподобен Никодим Светогорец

## Во што се состои христијанското совршенство? – За неговото стекнување е неопходна борба. – Четири нешта се крајно потребни за успех во оваа борба.

Сите ние, по природа, посакуваме да бидеме совршени, и за тоа имаме и заповед. Господ заповеда: „Бидете, значи, вие совршени, како што е совршен вашиот Отец небесен“ (Мат. 5,48); светиот апостол Павле советува: „...за злото бидете младенци, а по умот зрели“ (1 Кор. 14,20); на друго место кај него читаме: „..да бидете совршени и исполнети“ (Кол. 4,12), и повторно: „...да се стремиме кон совршенство“ (Евр. 6,1). Оваа заповед била дадена и во Стариот Завет. Така, Бог му говори на Израилот во Второзаконие: „...биди непорочен пред Господа, твојот Бог“ (5.Мој. 18,13).

И светиот Давид му го заповеда истото на својот син Соломон, велејќи: „И ти, сине Соломоне, да го познаваш Бога, твојот Татко, и да Му служиш од сѐ срце и со сета душа своја“ (1 Лет. 28,9). По сето ова, не можеме да не видиме дека Бог од христијаните бара полнота на совршенството, односно да бидеме совршени во сите добродетели.

Но ако ти, возљубен во Христа читателу мој, сакаш да достигнеш до таа височина, потребно е најнапред да дознаеш во што се состои христијанското совршенство. Зашто, ако тоа не го знаеш, можеш да се отклониш од вистинскиот пат и мислејќи дека одиш кон совршенство, всушност да тргнеш во сосема друга насока.

Ќе кажам отворено: најсовршеното и најголемото дело што човек може да го посака и да го достигне е приближувањето кон Бога и пребивањето во единство со Него.

Но има многумина што велат дека христијанското совршенство се состои во постови, бденија, коленопреклонувања, спиење на гола земја и во други слични телесни строгости. Други пак, мислат дека тоа се состои во извршување на многу молитвословија дома и во долго стоење на црковните богослужби. А има и такви што сметаат дека нашето совршенство целосно се состои во умната молитва, во осаменоста, отшелништвото и молчанието. Најголемиот дел пак, го ограничува ова совршенство на точно исполнување на сите подвизи пропишани со уставот, не